ЗДРУЖЕНИЕ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА ПРИЛЕП

Извештај од евалуација на испораката на социјалната услуга

# ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ



Прилеп, Јули 2024

***Предговор***

Водејќи се од мотото "Нема поголема радост, ниту поголема награда од правење на позитивна промена во нечиј живот", Здружението Центар за развој и едукација Прилеп како лиценциран давател на услугата Помош и нега во домот, професионално и континуирано ја обезбедува оваа услуга за корисниците на територијата на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени.

Со услугата - Помош и нега во домот, се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности кои опфаќаат помош при одржување лична хигиена, облекување, движење, хранење, користење тоалет како основни, и помош во чистење и средување на домот, облеката, набавки за домот, давање медицинска терапија и сл. како инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе.

Моментално, здружението обезбедува квалитетна, професионална и достапна услуга Помош и нега во домот од страна на 58 обучени негуватели за околу 200 корисници да може да ја вратат, стекнат или одржат способноста самите да се грижат за себе, за да продолжат да живеат во сопствениот дом и да водат независен живот во заедницата.

Давањето на услугата Помош и нега во домот е организирано и мониторирано од страна на 3 координатори на услугата, по професија социјални работници и правник со стекната општа лиценца за вршење стручни работи кај други даватели на социјални услуги со докажано знаење и искуство во областа на социјалната сфера и развојот на социјални услуги.

Здружението Центар за развој и едукација Прилеп следејќи ги насоките на законодавната рамка за испорака на социјалната услуга Помош и нега во домот, континуирано ги применува стандардите за квалитет, и врши евалуација на испорачаната услуга и задоволството на корисниците и негувателите кои се вклучени во испорака на услугата Помош и нега во домот.

Овој документ го прикажува задоволството на корисниците од испораката на услугата Помош и нега во домот и има за цел да ги зајакне капацитетите на организацијата за планирање и испорака на квалитетна и ефективна социјална услуга Помош и нега во домот за ранливите категории на граѓани во општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени.

Здружение Центар за развој и едукација Прилеп

Марина Тошеска - Претседател

# Вовед

Социјалната заштита се темели на заеднички активности кои придонесуваат за намалување на социјалната ранливост, социјалните ризици и надминување на социјалните проблеми. За таа цел, Здружението Центар за развој и едукација Прилеп насочувајќи се кон обезбедување на социјални услуги за градење на инклузивно и праведно општество преку обезбедување на пристап до можности и услуги за своите граѓани, ја обезбедува услугата Помош и нега во домот согласно Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјални услуги.

Со воспоставувањето на услугата за првпат на територијата на општините Долнени, Кривогаштани и Прилеп им беше овозможено на старите и изнемоштени лица и лицата со попреченост да ги искористат поволностите кои ги нуди самата услуга за Помош и нега во домот.

Согласно првичната проценка во 2023 година, предвидениот број на корисници опфатени со услугата беше заснован на бројот на активните негуватели, односно за сите три општини беа планирани 40 негуватели кои би ја давале услугата на околу 120 корисници, а минимум 60% од корисниците ќе бидат лица кои живеат во рурални средини. До крајот на 2023 година беа ангажирани сите 40 негуватели со целосна искористеност на часови. Поради потребата за испорака на услугата Помош и нега во домот на поголем број на корисници, во јануари 2024 година, здружението – давател на социјалната услуга го зголеми бројот на негуватели за 18, со што вкупно 58 негуватели ја испорачуваа услугата за околу 200 корисници - стари лица и лица со намалена функционална способност на територијата на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени.

Во целиот процес на обезбедување на услугата Помош и нега во домот, Здружението соработува со општина Прилеп, општина Кривогаштани, општина Долнени, ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Прилеп, Министерството за социјална политка, демографија и млади, Заводот за социјлани дејности, здравствените установи од примарна заштита, и сите релевантни институции со цел заеднички придонес за одржлив развој на услугата на локално и регионално ниво.

Резултатите од спроведената евалуација за задоволството на корисниците, а воедно и за задоволството на негувателите кои се ангажирани за испорака на услугата покажува високо ниво на задоволство од квалитетот на услугата за корисниците, а и високо ниво на задоволство кај негувателите за нивниот ангажман во економија на грижа.

Бенефитот од давањето на услугата е обостран како за корисниците кои добиваат индивидуализирана квалитетна услуга во нивните домови, значи услугите се обезбедени во домовите и заедницата, така и за лицата кои се ангажираат како негуватели коишто се лица кои подолго време се отсутни од пазарот на трудот, тешко вработливи лица, лица коишто не го завршиле своето образование на кои преку вклучување во програмата за давање на услугата помош и нега во домот им се овозможува да ја подобрат својата социо-економска положба и да си обезбедуваат егзистенција со што стекнуват

економска сигурност. Преку оваа услуга се подобрува и нивниот животен стандард и генерално го подобруваме животот на сите чинители во една заедница.

Овој документ ги презентира резултатите од спроведеното истражување за евалуација на испораката на услугата Помош и нега во домот, и дава подетален приказ за вклучените негуватели и корисниците кои ја добиваат оваа услуга во временскиот период од месец јануари 2024 до месец јули 2024 година.

Оваа евалуација е направена од страна на Здружение Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани како надворешен евалуатор во соработка со Здружението Центар за развој и едукација Прилеп, се со цел објективно и професионално да се увидат позитивните и негативните страни при давањето на услугата од непосреден контакт како со негувателите така и со примателите на услугата. За евалуацијата се користат семи-структурирани прашалници кои се дел од евалуационата програма на Здружението Центар за развој и едукација Прилеп креирани да обезбедат одговору кои ќе дадат реална слика за самата состојба на терен, односно кај корисниците како приматели и кај негувателите – како даватели на социјалната услуга Помош и нега во домот.

Бидејќи станува збор за воведување на оваа услуга за прв пат на територијата на овие три општини од суштинско значење ќе биде извештајот направен за оваа евалуација бидејќи истиот треба да покаже неколку аспекти а тоа се: кои се предизвиците со воведувањето на услугата, кое е задоволството на корисниците, во кој обем и се дава услугата и дали истата одговара на нормативите и стандардите поставени од страна на министерството, дали негователите се задоволни од наччинот на кој ја даваат услугата, нивната комуникација со надлежниот Центар за социјална заштита и комуникацијата со претпоставените во здружението кое ја дава услугата.

Од добиените резултати за задоволството на корисниците и придобивките врз квалитетот на животот на корисниците што ги обезбедува оваа услуга, Здружението Центар за развој и едукација Прилеп се насочува кон континуирана надградба на капацитетите на човечките ресурси и континуирано овозможување на квалитетни и професионални социјални услуги.

## Методологија и резултати од спроведената евалуација

Согласно Програмата на Здружението Центар за развој и едукација и развиените внатрешни процедури за евалуација, во периодот од јануари до јули 2024 е спроведена евалуација за задоволството на корисниците на услугата Помош и нега во домот, како и задоволството на негувателите кои ја испорачуваат оваа услуга.

Евалуацијата се состои од креирани семи-структурирани прашалници, еден прашалник за корисниците, и еден прашалник за негувателите.

## Анализа на резултатите од евалуацијате на корисници на услуга Помош и нега во домот

Во анализата на задоволството на корисниците од добивањето на социјалната услуга Помош и нега во домот во периодот јануари 2024 до јули 2024 година опфатени беа 207 корисници.

Согласно следливоста на испораката на услугата, во месец Јануари 2024 година, услугата Помош и нега во домот била обезбедена за 152 корисници, во месец Февруари за 195 корисници, во месец Март услугата ја користеле 205 корисници, во месец Април 211 корисници, во месец Мај 209 корисници, во месец Јуни 2024 година услугата ја добивале 204 корисници, а во месец јули 2024 година услугата Помош и нега во домот била обезбедена за 209 корисници од страна на ангажирани 58 негуватели.

Евалуациониот прашалник за корисниците е обсмислен на едноставен начин да може да се добијат што повеќе податоци за воспоставениот однос со негувателот, и дали чувтсвуваат дека услугата Помош и нега во домот им го подобрува квалитетот на живот и им овозможува здраво и пристојно стареење.

За секоја реченица како исказ, корисникот или доколку тој не е во можност тогаш член ан неговото семејство одбира понуден одговор означен со број од скалата во продолжение  за да се означи вистинитоска на исказот.

Воопшто не е вистинито = 1; Делумно не е вистинито = 2;
И е и не вистинито(така – така)=3 Делумно е вистинито = 4;
Многу вистинито = 5; Не знам/немам одговор = 6

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мојот негуватeл/ка се договара со мене за се во однос на неговиот/нејзиниот ангажман. | 0 | 0 | 0 | 54 | 173 | 0 |
| 2. | Јас и мојот неговател/ка брзо се вклопивме и навикнавме еден на друг. | 0 | 0 | 17 | 74 | 114 | 2 |
| 3. | Мојот негувател/ка доволно се фокусира кон обврските околу домот. | 0 | 0 | 0 | 84 | 123 | 0 |
| 4. | Мојот негувател/ка прави да се чувствувам посебен/а. | 0 | 0 | 8 | 79 | 113 | 7 |
| 5. | Мојот неговател/ка е добро избран за мене. | 0 | 0 | 25 | 44 | 138 | 0 |
| 6. | Јас сум подобар/а откако ми помага неговател/ка (подобро се чувствувам). | 0 | 0 | 63 | 144 | 1 | 1 |
| 7. | Мојата хигиена е на задоволително ниво од кога ме посетува негователката. | 0 | 0 | 5 | 135 | 63 | 4 |
| 8. | Мојот неговател/ка ми помога во решавање на секојдневни обврски. | | | 19 | 38 | 148 | 2 |
| 9. | Секогаш можам да сметам на мојот негувател/ка. | | | 8 | 165 | 29 | 5 |
| 10. | Јас и мојот негувател/ка сакаме да правиме исти работи. | 0 | 17 | 26 | 123 | 32 | 19 |
| 11. | Мојот негувател/ка навистина се грижи за мене. | 0 | 0 | 0 | 63 | 144 | 0 |
| 12. | Сакам да пробам нови работи кои ми ги предлага мојот неговател/ка (храна, активности и сл.) | 0 | 0 | 27 | 45 | 132 | 3 |
| 13. | Редовно. ја примам терапијата од кога ме посетува негувателката. | 0 | 0 | 4 | 56 | 147 | 0 |
| 14. | Јас и мојот негувател/ка разговараме за работи кои ме интересираат . | 0 | 0 | 28 | 32 | 141 | 6 |
| 15. | Мојот неговател/ка се грижи за набавување на моите лекарства. | 0 | 0 | 0 | 13 | 194 | 0 |
| 16. | Мојата негувател/ка редовно ми ги набавува потребните намерници за храна и хигиена во домот | 0 | 0 | 4 | 31 | 172 | 0 |
| 17. | Разговарам со мојот неговател/ка кога имам проблеми или кога нешто ме мачи. | 0 | 0 | 6 | 13 | 176 | 2 |
| 18. | Животот ми е променет на подобро од кога ме посетува негователката | 0 | 0 | 0 | 4 | 203 | 0 |

Најголем дел односно 100% од корисниците на услугата Помош и нега во домот ја потврдиле вистинитоска на исказот дека негувателот/ката се договара со нив за се во однос на неговиот/нејзиниот ангажман, односно 76% одговориле дека е многу вистинито, а 24% дека е делумно вистинито.




На исказот “Јас и мојот негувател/ка брзо се вклопивме и навикнавме еден на друг”, 55% од испитаните корисници одговориле дела е целосно вистинит, 36% дека е делумно вистинит, 8% дека И е и не вистинито(така – така) а 1% не дале одговор.

Мнозинството од корисниците 57% односно во целост се согласиле со вистинитоста на исказот “Мојот негувател/ка доволно се фокусира кон обврските околу домот”, 43% одговориле дека е делумно вистинито.

Со дадениот исказ Мојот негувател прави да се чувствувам посебно/посебна, 55% од испитаните корисници одговориле дека овој исказ е многу вистинит за нив и нивниот однос со негувателот, 38% дека е делумно вистинито, за 4% од испитаните корисници и е и не е вистинито, а 3% од корисниците немале одговор на ова прашање.



Воопшто не е вистинито = 1; Делумно не е вистинито = 2;
И е и не вистинито(така – така)=3 Делумно е вистинито = 4;
Многу вистинито = 5; Не знам/немам одговор = 6

Мнозинството од корисниците односно 67% потврдуваат во целост дека нивниот негувател е добро избран за нив, 21% дале одговор дека исказот Мојот негувател е добро избран за мене е делумно вистинит, а 12% дека и е и не е вистинит.




Мнозинството односно 79% од корисниците целосно согласни со исказот Јас сум подобар/а откако ми помага неговател/ка (подобро се чувствувам), 12% потврдуваат дека исказот за нив е делумно вистинит, а 12% од корисниците одговориле и е и не е вистинит овој исказ за нив.



Во продолжение графички се прикажани исказите на испитаните корисници за различни прашања поврзани со поддршката од негувателите во давањето на услугата Помош и нега во домот.







Сите корисници се согласиле дека животот им е подобрен на подобро од кога ги посетува негувател/ка, односно 98% целосно ја потврдуваат вистинитоска на овој исказ, а 2% одговориле дека во нивниот случај овој исказ е делумно вистинит.




Во вториот дел корисниците имаа можност да ги наведат активностите каде негувателот многу им помага, а воедно и да даде предлози како неговиот/нејзиониот негувател може да се подобри.

Најголем дел од испитаните корисници 205 односно 99% ги издвоиле следниве активности како активности кои им се од голема помош

- Земање на медицинска терапија
- Мерење на притисок и шеќер во крвта
- Помош околу лична хигиена
- Готвење и хранење
- Помош околу домашните обврски – метење, перење на алишта, набавка на намирници.

Во делот на предлози за подобрување на негувателот, од 207 испитаници само 11 корисници дале одговори давајќи ги следните предлози

- Обезбедување на масажа од негувателот
- Можност за повеќе време да се помага во домот – негувателот да останува барем 6 часа дневно
-

Од спроведената евалуација за задоволството на корисниците од добиената услуга – 100% од корисниците одговориле дека негувателите се договараат со корисникот во однос на нивниот ангажман. Најголем дел корисниците одговориле дека брзо се вклопиле и навикнале со негувателот. Мнозинството од корисниците одговориле дека негувателите се фокусираат на обврските околу домот, дека негувателот е добро избран, дека се чувствуваат подобро откако му помага негувателот, дека негувателот навистина се грижи за нив, дека со негувателот разговараат за работи од заеднички интерес, и дека од кога се посетувани од негувател навремено ја примаат терапијата.
Најголем дел од корисниците ги издвоиле следните активности во кои најмногу им помага негувателот

- Земање на медицинска терапија
- Мерење на притисок и шеќер во крвта
- Помош околу лична хигиена
- Готвење и хранење
- Помош околу домашните обврски – метење, перење на алишта, набавка на намирници.
-

Сите испитани корисници кои опфатени со услугата Помош и нега во домот која се обезбедува од страна на давателот Здружение Центар за развој и едукација Прилеп покажале високо ниво на задоволство од услугата, потенцирајќи дека оваа услуга им го подобрува квалитетот на живот и им овозможува пристојно стареење во своите домови,

## Анализа на резултати од евалуацијата на негувателите

Во текот на евалуацијата на негувателите, опфатени се вкупно 63 лица кои биле вклучени како негуватели за помош и нега на стари и немоќни лица на територијата на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени.

Прашалникот за евалуација кај неговател/ка е составен со еден сериозен пристап ценејќи дека за задоволен корисник на услугата ние како здружение потребно е правилно да ги мечираме неговател/ка со корисникот на услугата се со цел да имаме и задоволен корисник но и задоволен неговател. Ова тргнувајќи од самиот факт дека за услугата имаме премногу заинтересирани корисници но следејќи ги денешните трендови кај населението имаме се помалку квалификувана работна сила а за давањето на услугата помош и нега во домот ви се потребни негователи/ки кои се емпатични и силно мотивирани да ја даваат услугата од причина што знаеме дека се работи за категорија на граѓани кои се особено тешки за работа.

Поради овие причини прашалникот за евалуација на негователи/ки е составен од три дела и тоа:

Првиот дел **Какво е вашето мислење за воспоставениот однос на помош и нега во домот (компатибилноста меѓу Вас и корисникот на услугата)?.** Овој дел е составен од 14 прашања на кој негователите треба да одговорат со Никогаш = 1; Ретко = 2; Понекогаш =3Многу често = 4; Секогаш = 5; Не знам/немам одговор =6;

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Корисникот е отворен со мене (ги споделува мислите чувствата и потребите). | 2 | 2 | 16 | 9 | 33 | 1 |
| **2.** | Корисникот е многу затворен во врска со неговиот/нејзиниот живот и неговите потреби (не разговара со мене за тоа). | 42 | 11 | 2 | 2 | 6 | 0 |
| **3.** | Корисникот ме прашува за мислење или совет. | 0 | 3 | 12 | 13 | 34 | 1 |
| **4.** | Корисникот ме запознава со неговите/нејзините проблеми и грижи и потреби. | 0 | 1 | 10 | 31 | 21 | 0 |
| **5.** | Се чувствувам дистанцирано од корисникот. | 35 | 10 | 9 | 6 | 3 | 0 |
| **6.** | Чувствувам дека со корисникот сме во добри пријателски односи | 0 | 1 | 11 | 14 | 33 | 4 |
| **7.** | Не сум сигурен/на дека корисникот добива доволно поддршка-нега (нема доволна компатибилност меѓу мене и корисникот). | 42 | 13 | 4 | 1 | 1 | 2 |
| **8.** | Корисникот сака да му/и помагам. | 1 | 0 | 5 | 7 | 48 | 2 |
| **9.** | Корисникот прави работи да ме отргне од себе. | 50 | 6 | 4 | 2 | 1 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **10.** | Чувствувам дека ги менувам работите во животот на корисникот на подобро. | 0 | 0 | 4 | 11 | 46 | 2 |
| **11.** | Чувствувам дека имаме силна врска со корисникот (блиски сме или силно приврзани). | 1 | 0 | 7 | 17 | 37 | 1 |
| **12.** | Корисникот изгледа непријатно (или воздржано) кога се обидувам да му/и помогнам во секојдневните активности. | 25 | 19 | 12 | 6 | 0 | 1 |
| **13.** | Постои доверба помеѓу мене и корисникот. | 0 | 0 | 2 | 20 | 41 | 1 |
| **14.** | Двајцата сме задоволни од моменталната ситуација | 0 | 0 | 2 | 3 | 58 | 0 |

По детално изведената анализа на резултатите во проценти на одговори по прашања е добиено следното:

На прашањето Корисникот ме запознава со неговите/нејзините проблеми и грижи и потреби - 3% од негователи/ките дале одговор Никогаш, Ретко одговориле 3%, 26%од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 14% од негуватели/ките дале одговор Многу често, 52% од негователи/ките дале одговор Секогаш, 2% од негователи/ките дале одговор Не знам/немам одговор.




Дали Корисникот е многу затворен во врска со неговиот/нејзиниот живот и неговите потреби (не разговара со негувателот за тоа) – 68% од негователи/ките дале одговор Никогаш, 7% од негователи/ките дале одговор Ретко, 3% од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 10% од негователи/ките дале одговор Секогаш.

За отвореноста на Корисникот да го прашува негувателот за мислење или совет - 0% од негователи/ките дале одговор Никогаш, 5% од негователи/ките дале одговор Ретко, 18% од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 22% од негователи/ките дале одговор Многу често, 54% од негователи/ките дале одговор Секогаш, 1 % од негователи/ките дале одговор Не знам/немам одговор.

На прашањето - Корисникот ме запознава со неговите/нејзините проблеми и грижи и потреби- 0% од негователи/ките дале одговор Никогаш, 2% од негователи/ките дале одговор Ретко, 17% од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 50% од негователи/ките дале одговор Многу често, 47% 32% од негуватели/ките дале одговор Секогаш,

На прашањето дали се чувствуваат дистанцирано од корисникот 55% од анкетираните негуватели одговориле Никогаш, 18% од негователи/ките дале одговор Ретко, 14% од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 7% од негователи/ките дале одговор Многу често, а 6% од негователи/ките дале одговор Секогаш.

За тоа дали негувателот чувствува дека со корисникот е во добри пријателски односи - 0% од негователи/ките дале одговор Никогаш, 2% од негователи/ките дале одговор Ретко, 18% од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 23% од негователи/ките дале одговор Многу често, 51% од негователи/ките дале одговор Секогаш, а 6% од анкетираните негуватели немале одговор на ова прашање.




Колку негувателот е сигурен дека корисникот добива доволно поддршка-нега (нема доволна компатибилност меѓу мене и корисникот) покажуваат одговорите и тоа 65% од негователи/ките дале одговор Никогаш, 22% од негователи/ките дале одговор Ретко, 6% од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 2% од негователи/ките дале одговор Многу често, 2% од негователи/ките дале одговор Секогаш, 3% од негователи/ките дале одговор Не знам/немам одговор.

На прашањето Корисникот сака да му/и помагам - 2% од негователи/ките дале одговор Никогаш, 0% од негователи/ките дале одговор Ретко, 7% од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 12% од негователи/ките дале одговор Многу често, 75% од

негователи/ките дале одговор Секогаш, 4% од негователи/ките дале одговор Не знам/немам одговор.
На прашањето дали Корисникот прави работи да го отргне како негуvател од себе - 78% од испитаниците одговориле Никогаш, 11% дале одговор Ретко, 6% од негователи/ките одговориле дека чувствуваат дека корисникот Понекогаш сака да ги отргне од себе, 3% од негователи/ките дале одговор Многу често, 2% од негователи/ките дале одговор Секогаш.

Прашањето Чувствувам дека ги менувам работите во животот на корисникот на подобро, доби одговор Секогаш кај 72% од вкупните одговори, 19% од испитаниците одговориле многу често, 6% понекогаш и 3% оговориле дека немаат одговор.




Чувствувам дека имаме силна врска со корисникот (блиски сме или силно приврзани) - 2% од негователи/ките дале одговор Никогаш, 0% од негователи/ките дале одговор Ретко, 12% од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 26% од негователи/ките дале одговор Многу често, а 58% од негователи/ките дале одговор дека секогаш чувствуваат поврзаност со корисниците.4
На прашањето дали корисникот изгледа непријатно (или воздржано) кога се обидувате како негуvател да му помогнете во секојдневните активности - 40% од негователи/ките дале одговор Никогаш, 29% од негователи/ките дале одговор Ретко, 20% од негователи/ките дале одговор Понекогаш, 9% од негователи/ките дале одговор Многу често, 0% од негователи/ките дале одговор Секогаш, а 2% од негователи/ките дале одговор Не знам/немам одговор.

На прашањето дали Постои доверба помеѓу негуvателот и корисникот, ниеден од испитаните негуvатели не одговорил ретко или никогаш. 3% од негователи/ките Понекогаш, 32% од негователи/ките дале одговор Многу често, 74% од негователи/ките дале одговор Секогаш, 1% од негователи/ките дале одговор Не знам/немам одговор.

На шрашањето дали испитаниците сметаат дека и тие како негували и корисниците се задоволни од моменталната ситуација поврзана со испорака на услугата Помош и нега во домот, 91% од испитаниците одговориле Секогаш, 6% многу често а 3% дале одговор понекогаш.




Од овој прв дел од анализата на прашалникот за евалуација на негуватели/ки јасно произлегува дека најголем дел од корисниците редовно ги запознаваат негувателите/ки со своите проблеми, истите не се чувствуваат дистанцирано од негувателите. Со нив ги споделуваат приватните проблеми и полека полека воспоставуваат еден меѓусебен систем на доверба. Ова уште еднаш покажува дека координаторите во здружението направиле вистински избор во поврзувањето на негователи/ките и корисниците на услугата Помош и нега во домот.

Како и корисниците така и давателите на услугата го добиваат чувството дека позитивно влијаат врз секојдневниот живот на корисниците, истите се посреќни, поисплонети, имаат поквалитетен ден а најважно од се е дека корисниците и давателите на услугата односно негувателите веќе имаат меѓусебна доверба.

**Во вториот дел од прашалникот за евалиација на неговтелите/ките се стави акцент на делот на кој што тие се фокусираат во воспоставениот однос со корисникот на помош и нега во домот (компатибилноста меѓу негувателот и корисникот).** Во овој дел негувателите/ките беа прашани да кажат кои се трите најбитни фокуси кои ги имаат како неговател.

Одговорите на негувателите/ките се движат од приготвување на храна на корисникот, аплицирање на терапија, набавка на лекови и основни намирници за живот до разговор и грижа за подобрување на психиофизичката состојба на корисниците. Ова само уште еднаш покажува дека услугата полека се развива во сакаката насоки што значи дека негователите/ките повеќе не ја разбираат услугата помош и нега во домот само како хранење, пресобелкување, грижа за хигиената туку и како улога на пријател на корисникот се со цел подобрување на целокупниот квалитет на живот на корисниците.

Во вториот дел од прашалникот за еваулација покрај слободниот израз на приоритетите, дополнително на негуватлите/ките им беа дадени 8 типизирани прашања на кои требаше да дадат еден од следните одговори: Воопшто не е важно = 1; Малку е важно= 2; Така-така =3; Многу е важно често = 4; Најважно = 5; Не знам/немам одговор =6;

Добиените резулатти од спроведената евалуација се дадени во табелата подол

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Помагање на корисникот во извршувањето на домашните обврски? | 0 | 1 | 0 | 11 | 51 | 0 |
| **2.** | Помагање на корисникот во одржувањето на личната хигиена? | 0 | 0 | 1 | 10 | 52 | 0 |
| **3.** | Помагање на корисникот во активности кои му/и се значајни? | 0 | 0 | 0 | 27 | 36 | 0 |
| **4.** | Да го научите корисникот како да развие посилни вештини и интереси? | 0 | 0 | 6 | 48 | 9 | 0 |
| **5.** | Поминување време само во разговор со корисникот? | 2 | 2 | 14 | 35 | 8 | 1 |
| **6.** | Да се забавувате додека го минувате времето со корисникот? | 1 | 2 | 17 | 30 | 12 | 1 |
| **7.** | Да го вклучуваш корисникот во некои нови активности? | 0 | 0 | 19 | 21 | 22 | 1 |
| **8.** | Да му помагаш при набавка на лекови и средства за секојдневен живот. | 0 | 0 | 1 | 7 | 54 | 1 |

Добиените резултати за активностите од негувателот за корисникот и нивната приоритизација се прикажани преку визуелниот инфографик согласно се прикажани резултатие од дадените одговори на негувателите вклучени во истражувањето.



Анализата на вака поставените типизирани прашања покажува дека голем дел од негувателите како приоритети во активностите насочени кон обезбедување помош и поддршка за корисниците ги издвојуваат: набавката на лекови и намирници/средства потребни во секојдневниот живот, помош за одржување на личната хигиена на корисниците, како и помош при извршување на домашните обврски односно грижата и одржувањето на домот, па потоа следат разговор и акитвности со корисниците. Дадените одговори се позитивен показател дека негувателите се насочени кон помош и поддршка за одржување на физичкото и менталното здравје на корисниците што е основа во Процесот на здраво стареење и подобрување на квалитетот на животот на старите лица, како и оптимизирање на можностите за поголемо и поздраво учество во заедницата и социјализација со семејството и пријателите.

Третиот дел од прашалникот за евалуација на негувателите/ките е посветен на нив самите во улога на негуватели и го опфаќа процесот на поврзување со корисниците, погледите на околината во однос на определувањето да се вклучат во професионален ангаѓман како негуватели/ки, комуникација со семејството на корисниците, предизвиицте со кои се соочуваат негувателите, поддршката и водството од страна на координаторот на социјалната услуга како надлежно лице за негувателите, пробплемите и достигнувањата од креираниот план за активности во обезбедување на услугата Помош и нега во домот кај корисникот, како и надзорот од стручните лица во месноналежниот центар за социјална работа.

Во овој дел негувателите/ките требаше да одговорат на зададените типизирани прашања со следните одговори: Воопшто не се согласувам = 1; Во најголем дел НЕ се согласувам= 2; Така-така =3; Во најголем дел СЕ согласувам = 4; Целосно се согласувам = 5; Не знам/немам одговор =6.

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Јас и корисникот веднаш се „вклопивме“. | 0 | 1 | 4 | 8 | 50 | 0 |
| 2. | На моите пријатели и семејство им е мило што сум неговател. | 0 | 0 | 6 | 8 | 48 | 1 |
| 3. | Мислам дека би бил/а подобар неговател на друг корисник (кој)____________________________________ | 32 | 11 | 3 | 1 | 4 | 12 |
| 4. | Семејството на корисникот активно е вклучено во услугата помош и нега во домот. | 12 | 12 | 18 | 14 | 7 | 0 |
| 5. | Програмата преку која сме вклучени и јас и корисникот обезбеди тренинг кој ми помогна да бидам подобар неговател. | 0 | 0 | 2 | 9 | 53 | 0 |
| 6. | Корисникот посакува да бев поинаков/а (помлад/а – постар/а, машко-женско итн.) | 47 | 4 | 2 | 4 | 0 | 6 |
| 7. | Корисникот има потреба од повеќе од она што можам јас да му/и го пружам. | 17 | 16 | 14 | 12 | 3 | 3 |
| 8. | Семејството на корисникот влијае/се меша во професионалниот однос меѓу мене и корисникот | 48 | 6 | 4 | 3 | 1 | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Имам редовно водство/супервизија од стручните лица од надлежниот ЦСР и Здружението – давател на услугата. | 1 | 1 | 7 | 23 | 31 | 0 |
| 10. | Далечината која мора да ја поминам за да дојдам кај корисникот, претставува проблем за мене. | 32 | 13 | 11 | 4 | 3 | 0 |
| 11. | Имам искуства кои ми помагаат да ги разберам значајните предизвици и работи во животот на корисникот. | 0 | 9 | 12 | 24 | 17 | 1 |
| 12. | Поддршката која ја добивам од координаторот за помош и нега во домот ме прави подобар неговател. | 0 | 0 | 1 | 8 | 54 | 1 |
| 13. | Мојот ангажман како неговател негативно се одразува на мојот однос со пријателите или семејството. | 47 | 10 | 3 | 0 | 1 | 2 |
| 14. | За мене претставува потешкотија справувањето со однесувањето на корисникот. | 32 | 23 | 6 | 1 | 1 | 0 |
| 15. | За мене претставува потешкотија воспоставувањето на контакт со семејството на корисникот. | 32 | 16 | 6 | 7 | 2 | 0 |
| 16. | Планот за активност за помош и нега во домот овозможува специјални активности или настани на кои можеме да одиме заедно со корисникот. | 3 | 7 | 31 | 8 | 12 | 2 |
| 17. | Посакувам да бидам неговател на друг корисник (помлад/постар, помалку/повеќе темпераментен и сл.) | 42 | 8 | 0 | 3 | 3 | 7 |

По детално изведената анализа на резултатите во проценти на одговори по прашања е добиено следното:

На прашањето за вклоувањето помеѓу испитаникот како негувател и корисникот, 79% од испитаните негуватели одговориле дека целосно се согласуваат со изборот дека веднаш се вклопиле со нивните корисници, 12% дека во најголем дел се согласуваат, 8% дека и се согласуваат и не се согласуваат (така-така) а 1% дека во најголем дел не се согласуваат.

Најголем дел од испитаните негуватели/ки односно 74% се изјасниле дека на нивното семејство/пријатели им е мило што се ангажирани во улога на негуватели за стари и немоќни лица, 14% не се согласуваат целосно дека на нивните пријатели и семејство им е мило што се негуватели, а 11% имаат неутрален став. Само еден испитаник незнаел односно немал одговор на ова прашање.

Во однос на корисникот, на поставеното прашање Мислам дека би бил/а подобар неговател на друг корисник, 49% од прашаните негуватели одговориле дека воопшто не се согласуваат, 19% дека најмногу не се согласуваат, 5% имаат неутрално мислење (и се согласуваат и не се согласуваат, 2% не се согласуваат и , 6% воопшто не се согласуваат со дадениот исказ. Скоро една петтина односно 20% од негувателите немале одговор на ова прашање.

На прашањето за вклученоста на семејството на корисниците во услугата Помош и нега во домот, само 11% од испитаните негуватели во целост се согласиле со исказот Семејството на корисникот активно е вклучено во услугата помош и нега во домот, 22% во најголем дел се согласуваат, 29% од негувателите имаат неутрален став, 20% во најголем дел не се согласни со дадениот исказ а 19% воопшто не се согласуваат односно семејство на корисникот воопшто не е вклучено во услугата Помош и нега во домот.

Од особена важност е програмата за негувателите за зголемување на нивните знаења и вештини за квалитетна испорака на услугата Помош и нега во домот.

Во делот на спроведената програма за негуватели, 83% од негувателите целосно се согласиле дека Програмата преку која сме вклучени и тие како негуватели, и корисниците обезбедила тренинг кој му помогнал да бидат подобри негуватели, 14% во најголем дел се согласиле а 3% имале неутрален став.

На прашањето Корисникот посакува да бев поинаков/а (помлад/а – постар/а, машко-женско итн.) - 74% од негователите/ките одговориле Воопшто не се согласувам, 6% од негователите/ките одговориле Во најголем дел НЕ се согласувам, 3% од негователите/ките одговориле Така-така, а 6 % од негователите/ките одговориле Во дека најголем дел СЕ согласуваат дека нивните корисници би сакале поинакви негуватели во однос на физичка конституција, а најчесто во однос на пол/род). На ова прашање 11% од негувателите/ките немале одговор.




Во поглед на услугата која негувателот му ја пружа на корисникот, со исказот Корисникот има потреба од повеќе од она што можам јас да му/и го пружам - 41% од негователите/ките одговориле Воопшто не се согласувам, 17% од негователите/ките одговориле Во најголем дел НЕ се согласувам, 14% од негователите/ките одговориле Така-така, 18% од негователите/ките одговориле Во најголем дел СЕ согласувам, 5% од негователите/ките одговориле Целосно се согласувам, а 5% од негователите/ките немале одговор на ова прашање.




Со исказот Семејството на корисникот влијае/се меша во професионалниот однос меѓу мене и корисникот, најголем дел од негувателите односно 75% воопшто не се согласиле, 11% одговориле Во најголем дел НЕ се согласувам, 6% од негувателите/ките одговориле Така-така односно до одреден степен се согласуваат, но до одреден степен не се

согласуваат, 5% од негователите/ките одговориле Во најголем дел СЕ согласувам, 1.5% од негователите/ките одговориле Целосно се согласувам, а 1.5% од негователите/ките одговориле Не знам/немам одговор.

На прашањето "Далечината која мора да ја поминам за да дојдам кај корисникот, претставува проблем за мене", половина односно 51% од негувателите/ките одговориле Воопшто не се согласувам, 22% од негователите/ките одговориле Во најголем дел НЕ се согласувам, 17% од негователите/ките одговориле дека до одреден степен се согласуваат, а до одреден степен не се согласуваат (така-така), 6% од негователите/ките Во најголем дел СЕ согласуваат со дадениот исказ, а 5% од негователите/ките одговориле Целосно се согласуваат односно дека далечината која ја поминуваат за да стигнат до корисникот претставува проблем за нив.

Повеќе од една третина од испитаните негуватели односно 38% во најголем дел се согласни дека имат искуства кои ми помагаат да ги разберам значајните предизвици и работи во животот на корисникот, 28% целосно се согласни дека имаат животни искуства, 19% имаат неутрален став, 14% не се согласни со дадениот исказ а 1% немаат одговор.

Дека потешкотија им претставува справувањето со однесувањето на корисникот, во целост биле согласни 2% од испитаниците, а ист број односно 2% во најголем дел се согласиле со ова прашање. Мал дел од испитаните негуватели односно 11% имаат поделено мислење, а најголем дел од негувателите односно 49% воопшто не гледаат потешкотија во справувањьето со однесувањето на корисникот, односно 37% најмалку се согласни со овој исказ.

Воспоставувањето на комуникација со семејството на корисникот воопшто не предизвикува потешкотија за 51% од негувателите, 26% ни најмалку, за 9% понекогаш претставува потешкотија, а понекогаш не, за 11% од негувателите се согласни со овој исказ, а 3% во целост се соглаасуваат односно потврдуваат дека имаат потешктии во воспоставувањето на комуникација со семејството на корисникот.

Влијанието на ангажманот како негувател врз односот на негувателите со пријателите и семејството за 2% има во целост негативно одразување, кај 5% од испитаните негуватели до одреден степен негативен одраз, а до одреден степен не. Со овој исказ 15% од негувателите одговориле Во најголем дел НЕ се согласувам, а 74% одговориле Воопшто не се согласувам. Од негувателите 6% не дале одговор на ова прашање.

Најголем дел од негувателите односно 78% не посакуваат да бидат негуватели на други корисници, а дел од нив односно 11% би сакале да имаат други корисници. Дел од испитаните негуватели односно 11% не дале одговор на ова прашање.

На исказот Планот за активност за помош и нега во домот овозможува специјални активности или настани на кои можеме да одиме заедно со корисникот, речиси половина од испитаните негуватели односно 49% имале поделено мислење, 5% воопшто не се согласиле, 11% во најголем дел не се согласиле. Дел од негувателите односно 20% во целост се согласни, а 12% во најголем дел се согласни дека Планот за активност за помош и нега во домот овозможува специјални активности или настани на кои можеме да одиме заедно со корисникот. Само 3% оф негувателите не дале одговор на ова прашање.

Најголем дел од испитаните негуватели односно 48% целосно се согласиле со исказот Имам редовно водство/супервизија од стручните лица од надлежниот ЦСР и Здружението – дavател на услугата, 44% од испитаните одговориле Во најголем дел СЕ согласувам, а 9% одговориле Така-така, односно до одреден степен се согласуваат, а до одреден степен не се согласуваат со поставениот исказ.







На исказот Поддршката која ја добивам од координаторот за помош и нега во домот ме прави подобар неговател, мнозинството од испитаните негуватели односно 85% се изјасниле дека Целосно СЕ согласуваат, 13% дека во најголем дел се согласуваат а 1% имале неутрален став.

Од овој дел од евалуацијата на негувателите/ките јасно произлегува дека истите се задоволни од изборот на корисниците и нивната интеракција со нив. Услугата Помош и нега во домот вклучува многу засегнати страни, и во работата на негувателот важна алка е комуникацијата и со корисникот, и со неговото семејство. Понекогаш улогата на семејството може да влијае на професионалниот однос помеѓу негувателот и корисникот, но најголем дел од негувателите имаат воспоставено добар однос со семејството со што се овозможува подобра комуникација со корисникот и поквалитетна испорака на услугата.

Негувателите се соочуваат со предизвици во нивниот ангажман за испорака на услугата Помош и нега во домот, но наоѓаат и пристапи и поддршка од координаторите, давателот на социјалната услуга како и надлежните служби за надминување на истите.

Во улогата на негувател, испитаните негуватели имаат позитивни искустава, а околината и нивните семејства позитивно ја прифаќаат нивната улога на негувател.

Постои јасна координација помеѓу негувателите/ките и стручни лица од ЦСР, како и координација и поддршка од страна на координаторите на социјалната сулуга Помош и нега во домот во здружението-давател на услуга.

Сето ова покажува дека социјалната услуга Помош и нега во домот, која за прв пат се спроведува на територијата на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени освен придобивки за корисниците на услугата, носи придобивки и за негувателите-даватели на услугата кои изразуваат задоволство од нивниот ангажман.

## ЗАКЛУЧОК

Спроведената евалуација и на негувателите, и на корисниците ги потврди придобивките која услугата Помош и нега во домот ги носи за корисниците, за нивните семејства, но исто така и за негувателите кои преку испорака на услугата Помош и нега во домот се вклучуваат во Економија на грижа и остваруваат приходи. Дополнително оваа услуга претставува помош за исполнување на законската регулатива за децентрализација и плурализација на социјалните услуги на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени и носи придобивки за целата заедница обебедувајќи социјален и економски развој, и голем придонес во градењето на општество каде секој еден е важен.

Континуираното следење на задоволството на корисниците, детектирањето на предизвиците со кои се соочуваат негувателите како даватели на оваа услуга, подобрувањето на индивидуалното планирање за да активностите во рамките на оваа услуга одговорат на реалните потреби на корисникот, континуираното надоградување на знаењата и вештините на негувателите, обезбедувањето на комуникација и координација со центарот за социјална работа Прилеп и матичните доктори, обезбедуваат основа за испорака на професионална и квалитетна услуга.

Здружението Центар за развој и едукација продолжува и понатаму да делува за обезбедување на професионална помош и поддршка за старите и немоќни лица со социјалната услуга Помош и нега во домот, продолжува да обезбедува едукација и можности за вклучување на долгорочно невработени лица во економија на грижа, а воедно и да ја зајакнува соработката со Центарот за социјална работа и останатите институции кои може да дадат придонес за подобрување на пристапот, квалитетот и одржливоста на социјалните услуги.

# КОРИСНИЦИ НА УСЛУГАТА ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ

# И НИВНИТЕ НЕГУВАТЕЛИ

## Општина

## Кривогаштани



1. Корисникот **Благоја Истинциоски** од населено место с.Обршани, Општина Кривогаштани, на возраст од 72 години, кој е лице со ампутирана лева нога од подколено, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател Стефанија Паскоска секојдневно му помага во извршување на следните активности и услуги: **помош при движење во и околу домот,помош во чистење на просториите и апаратите во домаќинството и слично,помош при вршење помали и поголеми набавки на храна, пијалаци, облека, обувки, весници и слично.**

Неговата сопруга Славка изјави дека се задоволни од услугата Помош и нега во домот и кај корисникот се забележува подобрување на менталното здравје откако има негувател.

2. Корисникот **Елица Паскоска** од населено место с.Обршани, Општина Кривогаштани, на возраст од 72 години, која е лице што боледува од леукемија и оштетен слух, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека

негувател Стефанија Паскоска секојдневно му помага во извршување на следните активности и услуги: **помош при облекување и соблекување, помош при миење лице, раце и заби, миење коса, бањање, чешлање, бричење, сечење нокти и слично, помош во перење, сушење и пеглање облека и одржување обувки и слично, помош при движење во и околу домот.** Со помош на негувателот организира и закажува лекарска посета за аплицирање на хемотерапија.

Кај корисникот се забележува дека нема промена односно влошување на здравствената состојба и моменталното здравје со оглед на болестта која ја има.

3. Корисникот **Василка Мицеска** од населено место с.Обршани, Општина Кривогаштани на возраст од 87 години, која е лице со деменција, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател Стефанија Паскоска секодневно му помага во извршување на следните активности и услуги: **помош при вршење помали и поголеми набавки на храна, пијалаци, облека, обувки, весници и слично, помош при миење лице, раце и заби, миење коса, бањање, чешлање, бричење, сечење нокти и слично, помош при земање медицинска терапија - мерење на шеќер и притисок.**

Откако ја користи услугата Помош и нега во домот кај корисникот се забележува подобрување на здравствената состојба и менталното здравје.

4. Корисникот **Марија Паскоска** од населено место с.Обршани, Општина Кривогаштани, на возраст од 84 години, која е лице што боледува од деменција, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател Стефанија Паскоска секојдневно му помага во извршување на следните активности и услуги: **помош при движење во и околу домот, помош при вршење на физиолошки потреби, помош за да стигне до тоалет, да се исчисти по користењето, помош во чистење на просториите и апаратите во домаќинството и слично.**

Сопругот Данчо Паскоски изјви дека се задоволни од услугата Помош и нега во домот и кај корисникот се забележува подобрување на здравствената состојба и моменталното здравје.

5. Корисникот **Весела Паскоска** од населено место с.Обршани, Општина Кривогаштани,на возраст од 66 години, која е лице со депресивно растројство, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател Стефанија Паскоска му помага во извршување на следните активности и услуги: **помош при движење во и околу домот, помош при земање медицинска терапија,помош при администрирање на лекови, контрола на витални функции и слично.**

Откако ја користи услугата Помош и нега во домот полесно ги решава проблемите и задоволна е од користењето на услугата.

6. Корисникот **Цане Ефтинциоски** од населено место с.Обршани, Општина Кривогаштани на возраст од 71 години, лице кое има оболување на кичмата, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател **Александра Вељаноска Смугреска** му помага во извршување на следните активности и услуги: **помош при надворешна мобилност, одржување на домаќинството и контрола на витални функции.**

Откако ја користи услугата Помош и нега во домот корисникот полесно ги обавува секојдневните активности и задоволен е од користењето на услугата.

7. Корисникот **Љуба Ефтинциоска** од населено место с.Обршани, Општина Кривогаштани на возраст од 72 години, таа е лице со намален функцинален капацитет, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател му помага во извршување на: **одржување лична хигиена, помош при подготовка на храна и пијалоци, набавка на потребните намирници и медицинска терапија.**

Откако ја користи услугата Помош и нега во домот негувателот направил да се почувствува посигурно и подобро.

8. Корисникот **Бојана Трајческа** од населено место с.Обршани, Општина Кривогаштани на возраст од 89 години, која е лице со хипертензија и депресија, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател **Александра Вељаноска Смугреска** му помага во извршување на: **помош во**

**одржување лична хигиена, приготвување храна и пијалоци, помош при одржување на хигиената на домаќинството.**

Откако ја користи услугата Помош и нега во домот не се чувствува осамено и полесно ги извршува секојдневните активности.

9. Корисникот **Парараскева Истинциоска** од населено место с.Бела Црква,Општина Кривогаштани, на возраст од 79 години, која е лице со парализа на лева страна од телото по мозочен удар, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател **Александра Вељаноска Смугреска** му помага во извршување на: **одржување лична хигиена, менување на памперси, приготвување на храна и пијалоци.**

Откако ја користи услугата Помош и нега во домот кај корисникот се забележува подобрување на здравствената состојба , менталното здравје, се чувствува посигурно за нејзиното здравје.

10**.** Корисникот **Роса Станимироска** од населено место с.Обршани, Општина Кривогаштани на возраст од 75 години, таја е лице кое боледува од остеопороза, дијабет и висок крвен притиоск, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател **Александра Вељаноска Смугреска** му помага во извршување на: **одржување на облека и обувки, секојдневно време во разговори и кафе, аплицирање медицинска терапија.**

Сопругот Трајче изјави дека се задоволни од услугата Помош и нега во домот и кај корисникот се забележува подобрување на здравствената состојба и моменталното здравје.

11. Корисникот **Павле Дунимаглоски** од населено место с.Кривогаштани,Општина Кривогаштани, на возраст од 83 години, е лице со намален вид, при теренско истражување и разговор со корисникот се констатира дека корисникот е задоволен од квалитетот на услугата Помош и нега во домот и дека негувател **Елена Дунимаглоска** му помага во извршување на следните активности и услуги: **помош при вршење помали и поголеми набавки на храна и пијалаци, помош при планирање,**

**подготвување, загревање и послужување на соодветни оброци и пијалаци, помош во чистење на просториите и апаратите во домаќинството.**

Откако ја користи услугата Помош и нега во домот кај корисникот се забележува подобрување на менталното здравје, корисникот се чувствува посигурно.

